Арх. знак: 02-331/2
Дата: 31.3.2020 година

Врз основа на членот 15, став 1 т.7 и т.28 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, а врз основа на прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија од Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски на 18 март 2020 година, а со цел подобро справување со пандемијата предизвикана од вирусот KOVID-19, Управниот одбор на Комората, на седница одржана преку теле-конференција на 31.3.2020 година донесе

## ОДЛУКА

за административен прекин на постапката за преглед на документацијата
за издавање на овластувања и упис во именикот на Комората

1. Согласно воведување на вонредна состојба во Република Северна Македонија, се прогласува административен прекин на постапката за преглед на документацијата за издавање на нови овластувања и упис во именикот на Комората, за сите апликации поднесени од 18 февруари 2020 година (30 дена пред прогласувањето на вонредната состојба во државата) па се до завршување на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија, освен за предмети од итна природа.

2. Утврдување на предмети од итна природа, се врши на предлог од раководителот на одделението од каде е поднесената апликација, а со одлука од Претседателот на Комората според однапред дефинира постапка за достава на документацијата од службите на Комората во електронска форма, и изработка на овластувањето, после преглед на електронски доставената документација и потврда од претседателот на Комисијата од соодветното одделение.

3. Одлуката се објавува на веб страницата на Комората.

4. Одлуката да се достави до: членовите на комисиите за преглед на документацијата за издавање на овластувања, членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Комората, стручната служба и сметководството.

Претседател на Управниот одбор

д-р Миле Димитровски

Изработил ДА